Врз основа на членот 116 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09,130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15 и 33/15) **и член 21 став 1 точка 12 и член 28 став 2 точка 5** од Статутот на Националната установа Национален Конзерваторски Центар – Скопје **бр. 01-143/2 од 17.05.2019** година, член 30 став (1) и став (2) и член 43 од Колективниот договор за култура и Правилникот за начинот и водењето на електронскатаевиденција на работното време и на прекувремената работа, Управниот одбор на Националната установа Национален Конзерваторски Центар – Скопје, на предлог на директорот на Националната установа Национален Конзерваторски Центар – Скопје, Република Северна Македонија, на ден _______ година, го донесе следниот:

Republic of North Macedonia
Национална Установа-Национален Конзерваторски центар
Institucioni Nacional-Qendra nacionale e konservimit
National Institution-National Conservation Center
Бр.-Nr.-No. 01-138/1
17.03 20 22 год.-viti-year
СКОПЈЕ

# П Р А В И Л Н И К

## за утврдување распоред на работното време и за користење електронски систем за регистрација на работното време

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдува распоредот, почетокот и завршетокот на работното време, отсуствата од работа, правото на одмор во текот на дневната работа и електронскиот систем за контрола на работното време на Националната установа Национален Конзерваторски Центар – Скопје

## II. РАБОТНО ВРЕМЕ

**Член 2**

Работното време на вработените во Националната установа Национален Конзерваторски Центар – Скопје изнесува 40 часа во текот на работната недела (полно работно време).

Распоредот на работното време се утврдува со почеток на работното време од 8 часот и завршеток во 16 часот.

Работното време на работниците распоредени на работно место чувар во Бигорскиот манастир е организирано во две смени, по предходно даден распоред.

Под терминот вработени во НУ Националниот конзерваторски центар Скопје се подразбираат лицата кои имаат засновано редовен работен однос во установата како и избраните и именуваните лица во установата.

**Член 3**

Неоправданото недоаѓање на работа во определеното работно време на установата и заминувањето од работа пред истекот на определеното работното време на установата, се смета за дисциплинска неуредност што повлекува изрекување на соодветна казна.

## III. ПРЕКУВРЕМЕНА РАБОТА

**Член 4**

Согласно одредбите од Колективниот договор за работните односи на работниците во НУ Национален Конзерваторски Центар – Скопје, работа преку полното работно време во установата се извршува во исклучителни ситуациии и тоа:

- зголемен обем на работа од времен карактер,
- отстранување на оштетувања на имотот или средствата за работа,
- заради обезбедување безбедност на луѓето и имотот,

За секој час прекувремена работа на работникот му се одобруваат слободни часови.

**Член 5**

Во исклучителни ситуации вработените во НУ Национален Конзерваторски Центар – Скопје се должни да ја вршат работата преку полното или договореното пократко работно време на своето работно место, во врска со отстранување или спречување на последиците во случаи на природна или друга несреќа, ако таква несреќа непосредно се очекува.

Таквата работа може да трае додека е неопходно да се спасат човечки животи, да се заштити здравјето на луѓето или да се спречи непоправлива материјална штета.

За вршење на прекувремена работа одлучува директорот на установата.

## IV. ОТСУСТВА ОД РАБОТА

**Член 6**

Вработените во НУ Национален Конзерваторски Центар – Скопје имат право на годишен одмор и отсуство од работа со надомест на плата, како и отсуства од работа без надомест на плата во случаи и под услови утврдени со прописите за работните односи - Законот за работните односи, Законот за култура и Колективниот договор за култура.

**Член 7**

За неодобрено отсуство од работа на работникот, како и неоправданото отсуство од работа, по спроведена дисциплинска постапка на истиот ќе му биде изречена соодветна казна во зависност од тежината на прекршокот.

## ПРАВО НА ОДМОР ВО ТЕКОТ НА РАБОТНИОТ ДЕН

**Член 8**

Работникот има право на одмор во текот на дневната работа во траење од 30 - триесет минути.

Одморот во текот на дневната работа, се утврдува со почеток во 10.00 и завршеток во 10.30 часот.

Времето за одмор од став 2 на овој член се засметува во работното време.

Работникот може да го користи одморот во или надвор од просториите на НУ Национален Конзерваторски Центар – Скопје

Во случај кога дневниот одмор се користи надвор од просториите на установата работникот излегувањето и враќањето го регистрира преку својата магнетна картичка во системот за контрола на работното време.

Доколку одморот не се искористи во тековниот ден, правото не се пренесува за следниот ден.

- Работното време на хемичарите -конзерватори, хемиски техничари и сликарите конзерватори, во периодот додека работат со опасно нагризувачки и штетни по здравјето хемиски супстанци согласно одобрениот конзерваторски проект трае најмногу 5 часа. Во тој период имаат право на две паузи во времетраење од 20 минти.

Скратеното работно време, ќе се определува за даден временски период исклучиво за членовите на стручниот тим кои што учествуваат непосредно во реализацијата на конзерваторскиот проект, по предходно доставено барање и известување од раководителот на проектот, а одобрено од директорот.

## СИСТЕМ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА И КОНТРОЛА НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ

### Член 9

Заради правилно и точно утврдување на периодот поминат на работа во НУ Национален Конзерваторски Центар – Скопје се **користи** електронски систем за регистрација на работното време со користење магнетни картици.

### Член 10

Евиденцијата за редовно доаѓање и заминување од работа започнува на 1-ви во календарскиот месец до крајот на месецот од календарската година.

### Член 11

Секој работник е должен правилно да го користи и употребува системот за регистрација на работното време, како и да ја носи и користи дадената магнетна картица при доаѓање на работа, за време на работа, при одење од работа и за секое доаѓање и одење од работа во деновите на викендот и празничните денови.

Вработните се должни да ја чуваат магнетната картица, а надоместот на трошоците за издавање нова во случај на оштетување или губење паѓа на товар на работникот.

### Член 12

Вработениот кој има овластување за пристап и контрола на системот за евиденција на работното време доставува информација по работник согласно листите за евиденција до директорот на установата.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 13**

Овој Правилник влегува во правна сила со денот на неговото донесување, и истиот ќе започне да се применува по неговото усвојување од страна на Управниот одбор на НУ Национален Конзерваторски Центар – Скопје.

Управен одбор